ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 92 – 1/2015
Загреб, 17. 10. 2015.

# З А П И С Н И К

од **11. седница** на Управниот одбор на ЗМРХ која се одржа на ден **17.10.2015 година** со почеток во **12.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Борис Трајановски – Осиек, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит.

**Гости:** Никола Гроздановски – почесен претседател на ЗМРХ и Виолета Штерјова.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 10. седница на УО на ЗМРХ;
2. Усвојување на Кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ за период од 01.01.-30.09.2015 година со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
3. Договор околу реализацијата на програмите во 2015 година и усвојување на донесените одлуки;
4. Договор за Финансиски план и План и програма на работа за 2016 година од ЗМРХ и друштвата за Јавниот повик за предлагање програми за 2016 година од Советот за националните малцинства на РХ и усвојување на донесените одлуки;
5. Именување на пописна комисија која ќе спроведе попис на имотната состојба на ЗМРХ за 2015 година и ќе направи записник;
6. Усвојување на новиот предлог на Деловник за работата на УО на ЗМРХ;
7. Усвојување на новиот предлог на Правилник за службени патувања на ЗМРХ;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 10. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** За Кварталниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2015. godine“, Петровска рече дека е

уредно и навремено изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Таа информираше дека од Советот за националните малцинства на РХ е пристигнато известување дека оваа година Кварталниот извештај не треба им да се доставува. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. За Летните кампови Шолта 2015 (за средношколци и основношколци) се рече дека и оваа година ги надминаа добиените средства за 1.550,10 кн и покрај тоа што се апелираше да се внимава на трошоците. Секретарката на МКД од Загреб, Виолета Штерјова, го даде на присутните на увид извештајот (прилог) од членката Ивана Лазаревска за Летните кампови Шолта 2015 (Лазаревска беше на Шолта во својство на наставничка по македонски јазик). Се очекува МКД од Пула во најскоро време да го подмири долгот за партиципациите за превозот за Денот на ЗМРХ 2014 (606,25 кн) и Илинден 2015 (780,00 кн), а Ангел Митревски да ги подмири долговите за Денот на македонската култура во Сплит 2015 (4.500,00 кн), за Летните кампови Шолта 2015 (1.992,65 кн), личниот долг (1.281,40 кн), и да го достави до ЗМРХ Полугодишниот финансиски извештај за Советот за националните малцинства на РХ од првата половина на оваа година. Исто така, од последното изборно Собрание на ЗМРХ, од вкупно 11, оваа е шеста седница на УО на која Митревски не присуствува, па поради тоа членовите донесоа заклучок кога во иднина Митревски ќе биде спречен да доаѓа на седниците, да овласти друго лице од МКД од Сплит што ќе го замени. За Илинден 2015 се рече дека се реализира во рамките на добиените средства, благодарејќи на бројните донации. За патните налози се рече дека годинава само два се реализирани кон Советот за националните малцинства на РХ, додека останатите се на сметката на ЗМРХ. Повторно се апелираше на рационално трошење на средствата. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Да се достави допис до водителот Ангел Митревски со барање да поднесе комплетен описен и финансиски извештај за Летните кампови Шолта 2015 до ЗМРХ;
- Се усвојува „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2015. godine“ со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 3.** По оваа точка главно се расправаше за програмите Ден на ЗМРХ, Рацинов ден – Бели мугри и Ден на глаголицата. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. Се рече дека датумот 31 октомври за Денот на ЗМРХ ќе треба да се пролонгира, бидејќи договорите со Градската управа на Град Загреб за добивање бесплатна сала сè уште не се завршени, или ќе треба повторно да се спои со Рациновиот ден во Самобор кој ќе се одржи на 28 ноември во рамките на Неделата на македонската култура што ја организира Самоборската библиотека во соработка со МКД од Загреб, а И. Христодулов и Б. Штерјов ќе остварат контакти во врска со добивање простор. Денот на глаголицата во Истра ќе се одржи во првата половина на ноември, пред Рациновиот ден, а во Задар ќе се одржи вториот дел од Творештвото на македонски уметници во Хрватска. Книгата на Е. Петровска ќе се отпечати до 20 ноември, а другите две книги од Ј. Цветичанин и М. Апостоловска се очекува да излезат од печат во декември. Списанието „Македонски глас“ има уште два броја кои ќе се отпечатат до крајот на годината. Н. Гроздановски даде предлог во „Македонски глас“ да излезе прилог за покојниот Ангел Упевче и неговата работа во ЗМРХ.

**Ад. 4.** Претседателот Христодулов рече дека Јавниот повик за предлагање програми за 2016 година од Советот за националните малцинства на РХ сè уште не е објавен, но програмите сеедно треба начелно да се договорат. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. Се даде предлог-пријава на културни манифестации за 2016 година на ниво на ЗМРХ до Советот:

- „Илинден 1903-2016“ во организација со МКД „Илинден“ во Горски Котар;

- Изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ во организација со МКД „Билјана“ во Задар;
- „Ден на глаголицата“ во организација со МКД „Св. Кирил и Методиј“ во Истра;
- „Денови на браќата Миладиновци“ во организација со МКД „Браќа Миладиновци“ во Осиек и Ѓаково;
- „Рацинов ден – Бели мугри“ во организација со МКД „Охридски бисер“ во Самобор;
- „Ден на ЗМРХ“ во организација на ЗМРХ во Загреб;
- Трибина „Хрватско-македонски културни поврзници“ во организација на ЗМРХ во текот на годината во Загреб, Осиек, Сплит, Задар, Риека и Пула.

Како на седницата не е присутен претставникот на МКД од Сплит, се рече дека се очекува Друштвото да се очитува за нивната предлог-пријава на културна манифестација за 2016 година на ниво на ЗМРХ до Советот, со тоа да досегашната под назив „Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ нема да се прифати, бидејќи сите друштва имаат своја програма со назив „Денови на македонската култура“ која ја реализираат во рамките на друштвата, а не на ниво на ЗМРХ.
Се даде предлог-пријава на информирање за 2016 година на ниво на ЗМРХ до Советот:

- „Македонски глас“, 6 броја, 36 страници, сè во боја.

Се даде предлог-пријава на издаваштво за 2016 година на ниво на ЗМРХ до Советот:

- Збирка текстови „Сончевата понорница“ од Огнен Бојаџиски;
- Книга поезија „Ода на љубовта“ од Милена Златеска;
- Графичка мапа од творештвото на Никола Гроздановски.

Доколку ќе има од друштвата уште предлог-пријави на издаваштво за 2016 година на ниво на ЗМРХ до Советот, се рече дека се очекува да ги достават веднаш штом ќе биде објавен Јавниот повик.
Се даде предлог-пријава на создавање на претпоставка за остварување на културна автономија за 2016 година на ниво на ЗМРХ до Советот:

- Адаптација, реновирање и набавка на основни средства за работа во износ од 50.000,00 кн за просториите на ЗМРХ.

**Ад. 5.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да се направи попис на имотната состојба на ЗМРХ за 2015 година во декември оваа година;
- За пописната комисија се именуваат: Олга Чичек, Цветко Поповски и Виолета Штерјова (членови на МКД „Охридски бисер“);
- Да се отпише службениот мобилен апарат на ЗМРХ (Alcatel X'POP OT-5035X) и идната година да се набави нов.

**Ад. 6.** и **Ад. 7.** Со извинување до присутните членови, претседателот Христодулов рече дека предлозите на Деловникот за работата на УО на ЗМРХ и на Правилникот за службени патувања на ЗМРХ се во подготовка, но сè уште не се готови и затоа не се доставени до друштвата. Веднаш штом ќе бидат готови, по електронска пошта ќе бидат доставени до друштвата на разгледување и усвојување на идната седница на УО.

**Ад. 8.** Под точката разно, се дискутираше за неколку теми. Претседателот Христодулов информираше за новата е-адреса на МКД од Риека поради промената на операторот. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Сите дописници на списанието „Македонски глас“ обавезни се да се придржуваат на зададениот рок од главната и одговорна уредничка за достава на текстови, бидејќи во спротивно текстовите нема да бидат објавени во тој број;
- Се даруваат 420 примероци од најновата книга „Лов на елени“ на авторот Васил Тоциновски; се даруваат по 56 примероци на друштвата; продажната цена на

книгата ќе изнесува 70,00 кн, а за јавен откуп до меродавните институции 160,00 кн;

- Да се поправи расипаниот плински бојлер кој се користи за греење на просториите на ЗМРХ на сметка на тековно одржување;
- На почесниот претседател на ЗМРХ, Никола Груздановски, да му се подарат примероци од поновите книги во издаваштво на ЗМРХ.

На крајот, Петровска на присутните им подели по еден примерок од најновата книга „Лов на елени“ од Васил Тоциновски.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **14.40** часот.

Записничар:

Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов